ВАНЧО ЃОРЃИЕВ

# ПОСЛЕДИЦИТЕ ЗА ТМОРО ВО СТРУМИЧКО ОД АКТИВНОСТА НА МЕСНИОТ КОМИТЕТ ВО НОВО СЕЛО (1901-1902 г.)

1. Македонското револуционерено националноослободително движење во Струмичкиот револуционерен округ во Предилинденскиот период било засегнато од повеќе афери и провали. Според Мемоарот на Внатрешната организација само во Струмичката каза, во периодот од 1897 до октомври 1902 година биле арестувани 741 лице, а 280 биле измачувани.[1]

Според обемот на приведените, осудените и репресираните во врска со активноста на Тајната македонско - одринака револуционерна организација (ТМОРО) во Струмичката каза во 1901-1902 година доминираат две афери (провали) кои директно се поврзани со Ново Село.

Првиот настан го предизикал масниот комитет на ТМОРО во Ново Село при еден непромислен потфат за обезбедување на финансиски средства. Расплетот на настанот кој започнал како афера брзо метастазирал во провала од регионален карактер.

По Солунската провала (јануари 1901 г.),[2] и заладувањето на односите со Врховниот македонски комитет (ВМК) на Борис Сарафов, ТМОРО покрај општата деликатната положба се нашла и во голема беспарица. Оттука, кон крајот на март 1901 година во Софија било одржано едно советување на кое присуствувале: Гоце Делчев, Ѓорч Петров, Михаил Герџиков, д-р Владимир Руменов, Р. Ризов и адвокатото Стрезов.[3] Тогаш, поради неповолната финансиска ситуација, д-р Руменов предложил, Организацијата да побара пари од

[1] Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ на Вѫтрешната организация, София, 1904, 56.

[2] За Солунската провала види: Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје, 2003, 318-344.

[3] Р. Р., Страници из миналото. Мъката на Гоце, Македонско дело, 2/ 10. V 1927, брой 41, 6.

бугарската влада. На овој предлог Гоце Делчев реагирал: "Тоа не може, тоа никогаш нема да биде! ... Еднаш земени пари од владата при денешните политички услови и атмосфера, значи даден ангажман, значи обврзување ... Бугарската влада, која има чисто завојувачки намери кон Македонија, штом ќе почне да дава пари, ќе знае како да ја искористи создадената состојба внатре со таа помош: таа нема да се задоволи со чисто платонски чувства, туку ќе сака реално обврзување? Повторувам, ударот ќе биде страшен!"[4]

По Советувањето, Г. Делчев го ополномоштил М. Герџиков да замине со чета за Струмичкиот округ за да киднапира некој бег за откуп, без притоа да ја доведе Организацијата во опасност. За таа цел била формирана специјална чета од 10-12 души под водство на М. Герџиков, а Петар Јуруков како негов помошник.[5] Споменатата чета, откако не успеале да изведе таква акција во Малешевско и Радовишко, во јули со слични намери се спуштила во Струмичко. Притоа бил воспоставен контакт со Атанас Нивички - пунктов началник во с. Нивичнино. Тој предложил да се фати некој од струмичките бегови. За проучување на положбата, А. Нивички, М. Герџиков и И. Варналиев се спуштиле во струмичкото поле, а остантите четници под водство на П. Јуруков останале в планина. М. Герџиков и А. Нивички во с. Дабиље се сретнале со Атанас Караманов, одличен работник на Организацијата "побабит и малку со ајдучки нарави". Истовремено за планот бил сондиран и претседателот на Струмичкиот окружен комитетет Стојан Георгиев.[6] Притоа било решено да се киднапира некој од гратските бегови кога ќе оди на својот чифлик на село. Кога сè било стокмено, М. Герџиков се вратила в планина за да ја поведе четата. Меѓутоа, таа во меѓувреме се распаднала. Некои од месните четници заминале по своите родни места, додека пак Петар Уже ги зел со себе конзервите, бомбите и останатите воени материјали и побегнал во Малешевско. Поради тоа, М. Герџиков се откажал од намерата, го напуштил

---

[4] Исто, 7. Според Делчев земањето пари од бугарската влада би ја компромитирало Организацијата на меѓународен план, бидејќи балканските земји и големите сили и без тоа сметале дека Организацијата се "инспирира од софиските управувачки кругови", а тоа би им дало повеќе аргументи за "слободно да тргуваат и да ја поделат нашата земја". (Исто).

[5] Въ Македония и Одринско, Спомени на Михаил Герджиковъ, Сообщава: Љ. Милетичъ, София, 1928, 24; Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, По спомени на Яне Сандански, Чрнъо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, сообщава: Љ. Милетичъ, София, 1927, 165.

[6] Спомени на М. Герджиковъ ..., 25.

Струмичко и се упатил во Гевгелиско.[7] Додека според П. Јуруков, тие го напуштиле Струмичко, бидејќи, Маказлиев (помошник на претседателот на Струмичкиот окружен комитет - С. Георгиев), се плашел од евентуално избивање на нова афера поради што не дал согласност за планираната акција.[8] Како и да е, планираната акција во Струмичко за насилно доаѓање до финансиски средства во овј момент не била реализирана, а со тоа била избегната опасноста од евентуална афера или провала.

Меѓутоа, набрзо потоа во септември 1901 година, поради слични потфати во Ново Село, избила афера, која брзо прераснала во провала, притоа зафаќајќи го поширокиот Струмички регион.

Пролетта 1901 година, месниот комитет во Ново Село на чело со Јануш Малчев превзел самостојна иницијатива за доаѓање до пари, без притоа сериозно да ги обмисли постапките и последиците. Помислата за лесно доаѓање до пари ги обзела инспираторите до самозаборав. Пролетта 1901 година во режија на месниот комитет од Ново Село, месната организациона милиција во близина на селото од заседа убила пет мина Аранути - минувачи низ полето, со намера да ги ограби.[9] За да се прикријат трагите од злосторството, труповите на

---

[7] Исто, 26.

[8] Спомени на П. Юруковъ ..., 165.

[9] Според А. Динев убиството на Арнаутите било извршено, пролетта 1900 година, а аферата се разгорела дури есента 1901 година. (Ангел Динев, Илинденската епопеја, т. 1, приредил: Владимир Картов, Скопје, 1987, 114-117.). Веројатно поведувајќи се по А. Динев, М. Пандевски прифатил дека убиството било извршено во 1900 година, па оттаму целата афера ја сместувува во 1900 година. Освен тоа петтемина Арнаути кај Пандевски се претставени како неколку Турци - трговци и бегови. (Манол Пандевски - Ѓорѓи С. Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969, 228-229.). Меѓутоа при детална анализи на информациите кај А. Динев се добива впечаток дека Арнаутите биле убиени пролетта 1901, а не 1900 година. Конкретно Севдин Иван, кому месниот комитет во Н. Село му побарал 2 лири за пушка, се заканил дека ќе го открие убиството "што го извршивте летоска убивајќи го Георги Ѓозев". (А. Динев, Илинденската епопеја ..., т.1, 117.). Од друга страна А. Динев истакнува дека месниот комитет во Н. Село на таква постапка за доаѓање до пари бил поттикнат од Гоце Делчев. Ако е така, имаме повеќе причина да веруваме дека убиството било извршено пролетта 1901 година, по Советувањето во Софија кога и М. Герџиков добил полномоштво од Делчев за слични акции во Струмичко.

Додека пак во Мемоарот на Организацијата воопшто не се наведени причинните за Новоселската афера. Несомено тие тенденциозно се изоставени за да се прикрие убиството на Арнаутите кое било извршено од Организацијата. Во Мемоарот кратко се вели дека струмичкиот кајмакам настојувал да открие некаква афера, притоа извесни сведоштва биле дадени

убиените биле закопани во една нива која веднаш потоа била изорана. Коњите на убиените по канал биле испратени на Никола Малешевски во Дупница, каде биле продадени за 65 наполеони. Додека, кај убиените биле пронајдени 135 турски лири кои биле предадени на окружниот комитет во Струмица.[10]

Меѓутоа, убиството не останало тајна. Набрзо за тоа почнал да зборува Георги Ѓозев од Ново Село. Месниот комитет, за да го спречи ширењето на гласините, донел одлука за ликвидација на Ѓозев. Егзекуцијата ја извршил Крсто Новоселски. За прикривање на трагите од оваа убиство бил задолжен претседателот на месниот комитет Януш Малчев, заедно со Андреа Стојанов, Димитар Гачев и Стојчо Кујумџиев. Тие веќе по проверен метод, телото на Ѓозев го закопале во нивата на Димитар Шабанов.[11] Меѓутоа, убиството на Ѓозев предизикало нови комликации. За него, прв проговорил Коце Китанов, кој за инает зборувал насекаде дури ги посочувал и виновниците. Истовремено со разоткривање на последното убиство се заканил и Севдин Иван, кому Организацијата му барала 2 лири за пушка. Последниот на таквото барање возвратил: "Пушка не ми треба. И повеќе да не ме гибате за пари, за да не ме принудите да го откријам убиството што го извршивте летоска убивајќи го Георги Ѓозев".[12]

Месниот комитет во Н. Село соочен со опасноста од можна провала, донел одлука за ликвидација и на Коце Китанов. Очигледно работите тргнале во лош правец со непредвидлив крај. Новоселскиот месен комитет почнал да носи брзоплети и непромислени одлуки за ликвидации по кратка постапка, притоа не согледувајќи дека длабоко се заплеткал во сопствените грешки.

Откако, Коце Китанов разбрал за смртната пресуда, веднаш побегнал од селото. Притоа го предал месниот комитет кај струмичкиот кајмака, познат како "Црната Брада". Поради тоа во почетокот на септември 1901 г., "Црната Брада" со едно одделение аскер пристигнал во Н. Село. Изигрувајќи источен мудрец, кајмакамот побарал од селскиот кмет да му посочи неколку вешти ловџии наводно за да убијат еден волк, а тој да му ја испрати кожата на солунскиот валија божем за да си направи кожув. Кметот ја сватил работата и возвратил дека во Н. Село нема вешти ловџии. Тогаш "Црната Брада" рекол: "има, има" и почнал да ги реди имињата на членовите на месниот комитет: Януш Малчев, Атанас и Димитар

---

од фурнаџијата Иван Севдин, а поводот биле некакви меѓусебни приватни расправии. (Македония и Одринско ..., 57.).

[10] А. Динев, Илинденската епопеја ..., т.1, 116.

[11] Исто, 116-117.

[12] Исто, 117.

Гачев.[13] Меѓутоа, тие веќе биле побегнати в планина. Веднаш потоа кајмакамот наредил да се уапсат: Илија Паљошов, Коце Стаменов, Нојко, Ици Терзиев, Гоне Милански, Мице Баџуков, Мите Лештарски, Христоман Трајков, попот Стојче и други.[14] Споменатите биле спроведени во струмичкиот затвор. Следниот ден избеганите: Јанко Илиев, Димитар Гачев, Костадин Трајков и Иван Стаменов, откако разбрале дека по нивна вина се приведени повеќе селани, се поколебале и се предале на власта. Притоа биле подложени на жестока тортура. Иван Стаменов не го издржал мачењето и почнал да поткажува со што се потврдиле исказите на Коце Китански. Тој дури го посочил местото каде бил закопан Георги Ѓозев, меѓутоа при сето тоа не било откриено убиството на петтемина Арнаути.[15] Освен И. Стаменов, значајни информации откриле Стојче Кујумџијата и Андреј Стојанов.[16]

За време на истрагата 17 мина осомничени побегнале и станале илегални.[17] Десетина од нив во почетокот на октомври се нашле во Дупница - Бугарија.[18] Првично од Н. Село биле приведени над триесетина селани кои биле обвинети за криење на комити.

Истрагата од Н. Село брзо се проширила ширум Струмичко. Со тоа Новоселската афера, прераснала во провала од поширок регионален карактер. Во Струмица бил приведен претседателот на окружниот комитет - Стојан Георгиев.[19] Истрагата не запрела тука. Од с. Куклиш во струмичкиот затвор биле приведени 120 селани.[20] Во меѓувреме дел од дотогаш приведените биле одведени во Солун. Во текот на октомври за 39 мина од нив бил покренат обвинителен акт. Затворените од оваа група претежно биле од Н. Село, Струмица и Градашорци. Тие биле обвинети дека се членови на револуционерен комитет, дека собирале пари од населението кои ги праќале во Софија, а оттаму добивале пушки. Понатаму во обвинението стои дека давале прибежиште, храна и облека на четите кои го нарушувале мирот во земјата, дека го убиле Георги Ѓозев од Н. Село и тамошниот бекчија Азис бидејќи му пречеле на Комитетот и најпосле дека тоа го правеле согласно програмата на Комитетот. Меѓу обвинетите во оваа група се нашол претседателот на

[13] Исто. Кај А. Динев погрешно стои Мите Гочев, наместо Димитар Гачев.

[14] Исто, 117-118. Кај. А. Динев, Илија Паљошов е прикажан како Паљошков, а пак, Мице Баџуков, како Бисжук.

[15] Исто, 118.

[16] Македония и Одринско ..., 57.

[17] Исто.

[18] Афера въ Струмичко, Право II/9, (17), 21. X 1901, 2.

[19] Исто.

[20] Право II/12, (20), 11. 11. 1901.

струмичкиот ОК - Стојан Георгиев и двајцата свештеници од Н. Село: поп Стојчо Димитров и поп Иван Георгиев. Додека за избеганите е најавено судење во отсуство.[21]

Иако обвинението било подготвено уште во октомври 1901 г., судскиот процес бил прилично пролонгиран. До почетокот на април 1902 година биле осудени само 6 мина на по 5 години тешка работа.[22] Поради бавниот судски процес четири жени од Н. Село на 11. IV 1902 година се пожалиле пред англискиот конзул во Солун. Притоа истакнале дека веќе тројца мажи умреле во Солунскиот затвор, без да бидат судени.[23] Според извештајот од овој конзулат, судењето било усложнето поради контрадикторноста и постојаните промени во изјавите на сведоците и обвинетите. Според истиот извештај, делата почнале побрзо да се разгледуваат откако во Солун за нов јавен обвинител бил поставен Хаки - беј од Крит, кој имал искуство во политичките процеси.[24] Во таа смисла весникот "Право" кон крајот на јуни 1902 година најавува дека наскоро ќе бидат разгледани делата на 26 мина од Струмичко, кои во Солунскиот затвор се ноѓале од октомври претходната година.[25]

---

[21] Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978, 417. Според обвинителниот акт, обвинетите се претставени како дел од ВМК и дека работеле согласно неговата програма "за да се присоедини еден огромен дел од Европска Турција кон Бугарија". (Исто, 417.). Меѓуота, во случајот станува збор за организационата мрежа на ТМОРО. ВМК, немал организациона мрежа во Мекедонија. Од друга страна во официјалните акти на ВМК и ТМОРО, никаде не станува збор за присоединување на Македонија кон Бугарија. Несомено, работите тенденциозно се претставени поинаку за да се сокрие вистината така што пред меѓународната јавност за нередите во Македонија да се обвине Бугарија, а истовремено да се прикрие сопствената вина, која всушност била вистинскиот генератор за незадоволство и револуционерното движење во Македонија.

[22] ДАРМ, ф. Foreign Office (FO), мф. 31, No. 51, 11.IV 1902.

[23] Исто.

[24] Исто.

[25] Сѫдение на Струмичкитѣ затвореници, Право, II/17 (25), София 14. 06 1902. Меѓу обвинетите во оваа група се наоѓале: Д. Лазаров, В. П. Тодоров и Васко кондурџијата од Струмица; К. Атанасов од Босилово; Христо Пармакларексиков од Василево; Хр. Манушев, К. Атанасов и Панчо Даскалот од Дабиље; Н. Мишев, Г. Ефтимов, Хр. Триндов, Хр.Велков, И. Маказлиев, С. Андонов, Зл. Јанев, В. Костадинов, Зв. Василев, Ја. Велков и М. Памукот од Куклиш; В. Митов од Моноспитово; Кара Христо од Попчево; Т. Белемесов и Мите Селчовски од Селчово; Х. Гоцев и Х. Атанасов од Три Води; Хр. Христов и Мито Домазетов од Чан Чифлик. За судскиот процес биле најавени 20 сведоци од Струмица. Додека на 25 души требало да им се суди во отсуство.

Според А. Динев, главните сведоци Коце Китанов, Иван Стаменов, Атанас Ржовски и Атанас Цветанов, под влијание од обвинетите, за време на судењето ги смениле исказите што ги дале претходно при истрагата во прилог на обвинетите. Оттука, тие биле осудени на по 3 години поради лажно сведочење и како соучесници во конспирацијата против државата.[26] Од првоприведените 39 мина, 7 души биле осудени на доживотен затвор, неколкумина на 10 години (меѓу нив 1 поп и 1 учител), додека на 10 души им биле изречени казни во отсуство.[27]

Според Мемоарот на Внатрешната организација во текот на предметната афера која евидентно пресранала во провала биле арестувани 210 души, 28 биле мачени, 26 биле осудени, а 17 души побегнале.[28] Се чини дека овие бројки не се комплетни. На таков заклучок упатуват податоците од еден извештај на англискиот конзул во Солун, според кој од крајот на ноември 1901 година до почетокот на април 1902 година од Струмичко во Солунскиот затвор биле доведени 139 души.[29] Додека пак, според в. "Право", само од Кукулиш во Струмица биле приведени 120 души.[30]

Како и да е, последиците биле огромни. Сознанијата на власта за конспиративниот заговор во Н. Село и пошироко во Струмичко, набрзо биле искористени есента 1902 година, кога по повод еден судир во Бориово, се разгорела нова афера.

**2**. Пламнувањето на новата афера во Ново Село е во корелација со врховистичкиот наплив во Струмичкиот округ есента 1902 година со тенденција за провоцирање на востание. ТМОРО препознавајќи ги намерите на ВМК навреме се погрижил да ги зацврсти своите позиции во Струмичкиот округ за да се спротивстави на врховистичките тенденции. За таа цел во Североисточниот дел на Округот како засилување на Христо Чернопеев биле испратени Васил Попов, Славчо Ковачев и Крсто Асенов.[31] Додека во потесната Струмичка околија (псевдоним Вирово) во тоа време дејствувал Андон Ќосето.[32]

Меѓутоа, и покрај овие превентивни мерки, врховистичките чети делумно успеале да се вгнездат во Струмичко и да провоцираат

[26] А. Динев, Илинденската епопеја ..., т.1, 119.

[27] ДАРМ, ф. FO, мф. 31, 78/5191, No. 254.

[28] Македония и Одринско ..., 57.

[29] ДАРМ, ф. *FO*, мф. 31, No. 51, 11. IV 1902.

[30] Право, II/12 (20), 11. XI 1901, 4.

[31] Спомени на Чрнъо Пѣевъ ..., 62.

[32] ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, л. 48-50, писмо бр. 25, 25. IX 1902; Из архивата на Гоце Делчев, Задграничното претставителство на ВМОРО в София до края на 1902 г, подготвили за печат: Ива Бурилков и Цочо Билярски, София, 2003, 36.

судири.[33] На 15. X 1902 г.,[34] врховистичките чети под водство на Иван Пашалијата и С. Бакалов се судриле со османските војски на планината Огражден во реонот помеѓу селата Барбарево и Стиник.[35] Судирот траел 7-8 часа со жртви на двете страни. За протерување на врховистички чети од овој реон покрај редовните воени сили биле ангажирани и неколку башибозучки одреди со вкупна јачина од околу 400 души.[36] Набрзо потоа врховистичките чети се повлекле, а с. Стиник било опустошено. Дел од селаните побегнале со четите, а некои биле приведени. Меѓу нив бил кметот Јанчо и селскиот поп. Приведените најпрво биле одведени во Н. Село. Оттаму, некои биле одведени во Петрич, а други во Струмица.[37] Набрзо потоа дошло до судир кај с. Смолари, при што аскерот имал 6 убиени и 8 ранети.[38] Очигледно двата судири се случиле во непосредна близина на Н. Село. Тоа поради раздвиженоста на војската се нашло под опсадна положба. Во меѓувреме, по наговор на врховистичките провокатори една жена од Н. Село заминала во Солун за да разгласи пред дипломатскиот кор дека овчарските колиби биле полни со комити и селани кои биле подготвени да се борат до смрт и дека ќе започнат со напади на поголемите населени места.[39] Таквите постапки дополнително ја иритирале османската власт. Впрочем нивниот интерес кон Ново Село бил свртен уште претходната година.

Ситуација кулминирала на 26.X/7.XI 1902 година, кога организационата четата на Андон Ќосето поради невнимание била откриена во с. Бориево. Притоа дошло до престрелка во која биле убиени еден жандар и еден полјак, а еден таксилдар бил ранет.[40] При

[33] Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт ..., 424-426; 436.

[34] Иван Катарџиев, Борба до победа, т, 1, Скопје, 1983, 521.

[35] ДАРМ, ф. FO, мф. 31, 78/5193, No. 201; Право, II/34 (42), 20. X 1902, 3.

[36] Исто.

[37] ДАРМ, ф. Бугарски генерален конзулат (БГК) - Солун, мф. 4277, No. 787, 1. XI 1902.

[38] Исто; ДАРМ, ф. FO, мф. 31, 78/5193, No. 201

[39] Величко Георгиев и Стайко Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, т.1, 1878--1912, част втора, София, 1996, 388.

[40] ДАРМ, ф. FO, мф. 31, 78/5193, No. 201; ДАРМ, ф. БГК - Солун, мф. 4277, No. 787, 1. XI 1902; В. Георгиев и С. Трифонов, История на Българите ..., 387. Според Мемоарот на Организацијата инцидент е датиран на 15. X 1902 година што е неточно. (Македония и Одринско ..., 57). Додека А. Ќосето тврди дека на Митровден бил во с. Дрвош и оттаму заминал за с. Бориево каде се случил инцидентот што подразбира дека тоа било на 8 ноември според Грегоријанскиот календар. (Македония в пламяци, Спомени на: Андон Къосето, Анстас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кръсто Лазаров, Екатерина Паница, записал:

престрлката во селото загинал четникот Атанас.[41] Веднаш потоа А. Ќосето заминал во прввац кон Н. Село, каде бил подгонет од аскерот кон Барбарево. Оттаму заминал кон Безгаштево (Малешевско) за по неколку дена да се спушти кон Нивичино од каде пресекол кон Варварица и Попчево за повторно да се спушти во полето.[42] Со овој маневар околу Струмичката котлина, Ќосето го избегнал прогонот.

Во меѓувреме, додека А. Ќосето со својата чта вешто ги избегнувал османските потери зад него по струмичките села започнала вистинска хајка. При повлекувањето од Бориево, со четата на Ќосето побегнало и дел од машкото население.[43] Од друга страна пукотницата во Бориево го предизвикал турското население од соседните села Турново, Еднокуќево и Секирник, кое како башибозук тргнале кон Бориево. По неколку часа во Бориево пристигнала 50 - члена потера и од Банско. Поради тоа повеќето селани се разбегале по околните села, а некои кон Струмица. Бориево било ограбено, а десетина селани биле претепани до смрт.[44] Набрзо потоа во селото пристигнал струмичкиот кајмакам, кој им советувал на селаните да се вратат по своите домови. Но, освен жените и децата, од мажите не се осмелил да се врати никој.[45] На 18 XI (ст. стил) 1902 г., во Бориево повторно пристигнала потера од Н. Село во јачина од 40 - 50 души под команда на Али Ефенди. Притоа 16 селани биле приведени во Н. Село. Тие биле подложени на сурова тортура за да предадат пушки.[46] Следниот ден од Бориево побегнале уште 5 селани. За да се прекине сето тоа, селскиот кмет Ефтим Трајков во придружба на азите (членови на месниот совет) Јанче Стоилов и Андон Манчев заминале за Н. Село за да изјават дека селаните не поседуват оружје. Меѓутоа,

---

Боян Мирчев, съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София, 2003, 62). Меѓутоа во документацијата од бугарска и британска провиниенција споменатиот судир е датиран еден ден порано т.е. на 26/7. XI 1902 година.

Според в. Право судирот во Бориево бил предизвикан од врховистичка чета, што очигледно не одговара на вистината. (Право, II/38 (46), 17. 01 1903, 3.). Споменатиот напис, како и фактот дека инцидентот во Бориево многу наликува на врховистичките провокации, своевремено не доведе во дилема од чија чета бил предизвикан судирот. (Види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт ..., 437, белешка 945.). Меѓутоа, по интегралното објавување на спомените на актерот од судирот нема простор за сомнеж. (види: Спомени на Андон Кьосето ..., 62.). Оттука овде користиме прилика за корегирање на нашиот поранешен став.

[41] Спомени на Андон Кьосето ..., 62.

[42] Исто, 63-65.

[43] В. Георгиев и С. Трифонов, История на Българите ..., 387.

[44] Право, II/39 (47), 24. I 1903, 3.

[45] В. Георгиев и С. Трифонов, История на Българите ..., 387.

[46] Право, II/39 (47), 24. I 1903, 3.

и тие биле подложени на мачење. Ним им бил обесен по еден тежок камен на вратовите и така стоеле 14 часа.[47]

Настанот од Бориево брзо ги зафатил околните села. Откако две жени од Бориево побегнале во Моноспитово, истото, следниот ден било претресено од потера која барала комити. Притоа тројца селани биле жестоко мачени, под изговор дека криеле комити. Истото село на 13/26 ноември било посетено од 60-70 души аскер, кој побарал од моноспитовци да предадат 150 пушки. Поради тоа кметот Цоне Бонев и азите Кољо Стојанов, Атанас Николов и Милчо Данев биле одведени во Н. Село за да изјават дека во селото нема пушки. Последниот не го издржал мачењето и признал дека знае за 4- 5 пушки. Поради тоа селото повторно било опседнато од нова потера. Тогаш биле затворени петмина, а повеќемина биле малтретирани. Војската си заминала со закана дека повторно ќе се врати по 150 пушки.[48] Али - ефенди слично постапил и во с. Муртино со 100 души аскер. Тие се сместиле по куќите и започнале да бараат да им се предаде оружјето. Во селото не било најдено ништо, но осуммина селани биле претепани до смрт. На крај, Али - ефенди ја побарал селската учителка, но таа навреме побегнала.[49] На 18. XI (ст. стил) 1902 г. силна потера влегла во с. Босилово. На 27 ноември (ст. стил) потерата ги втерала селаните в црква и ги натерала да се заколнат пред попот дека не поседуват оружје. Оттаму 30 селани биле одведени во Н. Село.[50]

Истрагата зафатила многу села во Струмичко. Во Нивичино биле уапсени 10 души, во Босилово 15, Моноспитово 40, Попчево 20, Куклиш 20, Дабиље 20, Белотино 10, Муртино 40, Вељуса 20, Пиперево 4, Робово 20, Водоча 9, Дрвош 10, Барбарево 1, Сачево 10, Ново Село 100 итн.[51] Во текот на ова хајката биле арестувани 428 души, а 230 биле жестоко мачени.[52] Од нив 67 биле изведени пред судот во Солун, а само 26 биле осудени. Избеганите биле осудени во отсуство.[53]

Најлошо од сите поминало Ново Село, каде бил сместен центарот на истрагата под контрола на струмичкиот кајмакам "Црната Брада". Во тоа време во Ново Село биле сместени 800

---

[47] Исто.

[48] Право, II/40 (48), 1. II 1903, 3; В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX и началото на XX век), Нови документи, София, 1995, 157-158.

[49] Право, II/39 (47), 24. I 1903, 3; В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода ..., 149.

[50] Право, II/40 (48), 1. II 1903, 3.

[51] А. Динев, Илинденската епопеја ..., т. 1, 261.

[52] Македония и Одринско ..., 57.

[53] А. Динев, Илинденската епопеја ..., т. 1, 262.

војници на чело со еден колас (мајор) и еден бинбашија. Сместувајќи се сред село тие започнале да бараат оружје. Селаните предале неколку стари неупотребливи пушки и револвери претежно кременлии. Меѓутоа, власта не се задоволила со тоа и барала оружје од понов тип. Истовремено на селаните им бил даден рок од три дена. Коџобашијата Атанас Илиев, азите Тодор Георгиев, Атанас Поп Николов и свештеникот Васил Петров отишле да изјават дека во селто нема друго оружје, но и тие биле подложени на мачење. Од нив успеал да се извлече само Атанас Поп Николов со 12 лири рушвет (поткуп).[54]

По заминувањето на првиот бран на војската во Ново Село пристигнал нов аскер од околу 1000 души. Ново Село кое во тоа време броело 170 куќи било принудено да обезбеди конак за сета војска. Бидејќи војската се сместила по куќите, селаните биле принудени да се групираат по 5-6 фамили во една куќа. Некои пак, при сопствена куќа, останале под ведро небо. Повторно започнало пребарување по оружје.[55] На луѓето им се врзувал камен на вратот од 20-25 оки и така требало да стојат на една нога, подложени на ќотек.[56] Бидејќи најголемиот дел од селаните немале оружје, власта им советувала да си купат пушки од турското население од соседните села и да ги предадат за да се избават од мачењето. Така А. П. Николов, купил пушка за 3,5 лири од Хасан налбатот од Борисово и ја предал. Лазар Гонев си купил пушка од Сушица и ја предал, Иван Танасов со пушка се снабдил од Мокриево. Коле Цветков дал 3 лири рушвет за да се извлече.[57] На Велика Ристоманова ѝ бил ставен жежок вршник врз главата за да ја каже пушката на својот 18 годишен син. Тој дал 3 лири рушвет за да се ослободи од наложената обврска.[58]

Најтешко од сè, паѓал дадениот конак на многубројната војска. Таа едноставно разграбала сè по домовите. Марија Гачева, во чија куќа имало војска, била принудена да се породи на снег.[59] Многу моми и жени биле обесчестени. Вдовицата Каранфила Иванова била силувана од 10 војници. Бинбашијата влегол во куќата на Марија Никовска и ја силувал неа и нејзината 19 годишна ќерка - Илинка. Бинбашија влегол и во куќата на Јанко Илиевски кој бил затворен во Једи Куле ја силувал неговата жена и ќерка му Ана. Додека пак,

[54] Право, II/39 (47), 24. I 1903, 3.

[55] Исто.

[56] Македония и Одринско ..., 97.

[57] Исто, 98.

[58] Право, II/39 (47), 24. I 1903, 3.

[59] В. Георгиев и С. Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода ..., 145.

онбашијата со нож го пробол кондурџијата Никола Поцков од Струмица кој дошол на пазар во Ново Село.[60] Таквите сцени биле присутни во сите засегнати села. Во с. Робово, војската заклала 3 деца зошто нивните родители не биле дома. На сличен начин биле убиени неколку деца во Муртино.[61]

Поради невидениот терор од страна на власта кон крајот на ноември 1902 година повеќемина претставници од Ново Село, Бориево, Моноспитово, Муртино, Робово и други села заминале за Солун и го информирале ЦК на ТМОРО.[62] Тогаш ЦК, од нивно име подготвил поплаки кои биле доставени до солунскиот валија и странските дипломатски претставници. Истите поплаки ЦК ги препратил до Задграничното претставништво во Софија за нивно публикување во печатот.[63] Повеќето од нив се публикувани во весникот "Право". Истите се регистрирани и во преписката на бугарското трговско агенство во Солун. Додека жалбата на жителите од Ново Село е објавена и во Мемоарот на Внатршната организација. Во нив се наведени безброј конкретни примери за свирепиот терор од страна на војската и претставниците на локалната власт. Оттука тие претставуват автентично документарно сведоштво за македонската мартирологијата од почетокот на XX век.

Двете афери чии центар бил во Ново Село, а истовремено го засегнале поширокиот Струмички регион претставуват и своевидно сведоштво за масовноста на македонското ослободително дело во овој крај под водство на ТМОРО. Тие во прво време влијаеле депримирачки не само кај населението, туку и кај раководство на Организацијата. Тој момент бил искористен на Солунскиот конгрес (1903) како аргумент повеќе за неиздржливата положба во Струмичко и потребата од објавување на востание. Од друга страна, разорното дејство на овие и останатите афери во Струмичко, меѓу другото, дополнително влијаеле за пасивното држење на Струмичкиот округ во текот на востанието 1903 година.

---

[60] Исто.
[61] Исто.
[62] Из архивата на Гоце Делчев ..., 53.
[63] Исто.